
© BCE ECB EZB EKT EKP 2002
500
500 EURO

# НОСИТЕ ПАРИ СО СЕБЕ? НЕМА ПРОБЛЕМ. ПРИЈАВЕТЕ ГИ!

## КОИ СЕ ПРАВИЛАТА?

### ДЕВИЗИ И ЧЕКОВИ

#### ВЛЕЗ ВО ДРЖАВАТА

Лимитот за внесување на ефективни странски пари или чекови изнесува до 10.000 евра. Доколку носите ефективни странски пари или чекови над 10.000 евра, должни сте да ги пријавите на царинските органи.

#### ИЗЛЕЗ ОД ДРЖАВАТА

Што се однесува до изнесувањето на девизи од Македонија, резидентите мора да го пријават секој износ над 2.000 евра по лице и притоа да приложат потврда од овластена банка или менувачница. Изнесување на ефективни странски пари над 10.000 евра од страна на резиденти е забрането.

Нерезидентите можат слободно да изнесат ефективни странски пари или чекови во износ до 10.000 евра по лице. Доколку изнесуваат ефективни странски пари над 10.000 евра, патниците се должни да ја дадат на увид писмената потврда во која е евидентиран износот при влез од страна на царинскиот орган.

### ДЕНАРИ

Дозволено е внесување и изнесување на домашни пари до 120.000 денари.

Нерезиденти смеат да внесуваат и изнесуваат над 120.000 денари, но треба да ги пријават на царинските органи и да дадат на увид доказ дека средствата се купени/подигнати од сметка во домашна или странска банка.

За резиденти е забрането внесување и изнесување на износ над 120.000 денари.

## ШТО СЕ РЕЗИДЕНТИ

РЕЗИДЕНТ е секое физичко лице со постојано место на живеење во РМ и лица кои привремено престојуваат во странство со важечки документ за престој или работа, физичко лице со регулиран привремен престој во РМ, правно лице со седиште во РМ и нивни претставништва во странство, подружници на странски друштва регистрирани во РМ, филијали на странски банки и дипломатски и конзуларни претставништва на РМ во странство.

**РЕЗИДЕНТИ**

| Внесување во РМ | Изнесување од РМ |
|---|---|
| до 10.000 ЕУР – слободно | до 2.000 ЕУР– слободно |
| над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган | од 2.000-10.000 ЕУР – мора да се пријават на царинскиот орган и да се приложи потврда од овластена банка или менувачница |
| | над 10.000 ЕУР - забрането |

**РЕЗИДЕНТИ**

| Внесување во РМ | Изнесување од РМ |
|---|---|
| до 120.000,00 денари – слободно | |
| над 120.000,00 денари - забрането | |

# И НЕРЕЗИДЕНТИ?

НЕРЕЗИДЕНТ е секое друго физичко и правно лице кое нема статус на резидент.

## ДЕВИЗИ И ЧЕКОВИ

| НЕРЕЗИДЕНТИ | |
|---|---|
| Внесување во РМ | Изнесување од РМ |
| до 10.000 ЕУР слободно | |
| над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган, кој задолжително издава писмена потврда | над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган и да се приложи потврдата во која е евидентиран тој износ при влез во РМ |

## ДЕНАРИ

| НЕРЕЗИДЕНТИ | |
|---|---|
| Внесување во РМ | Изнесување од РМ |
| до 120.000,00 денари – слободно | |
| над 120.000,00 денари – мора да се пријават кај царинскиот орган и да се приложи доказ дека се купени/подигнати од сметка во домашна или странска банка | |

## ЗОШТО ДА ПРИЈАВАМ ПАРИ?

Обврската за пријавување пари на влез и излез од државата произлегува од стратешката определба на Република Македонија за борба против перење пари и финансирање тероризам.

## ШТО АКО НЕ ГИ ПРИЈАВАМ?

Парите ќе ви бидат привремено или трајно одземени. За непријавување или лажно пријавување на пари законот предвидува парични казни, но и затворски казни за случаи поврзани со перење пари и финансирање тероризам.






РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

www.customs.gov.mk